РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА
UNIVERZITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË
Бр.Nr. 02 - 489/1
13.11. 20 23 г.v.
СТРУГА-STRUGË

Архивски знак
Shenja Arkivore 0205
Рок на чување
Afati i ruajtjes 3г.
13.11.23 г.v.
Потпис/Nënshkrim

# ЗАПИСНИК

## ОД КОНСТИТУТИВНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА КВАЛИТЕТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

Конститутивната седница на Одборот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, се одржа на 13.11.2023 во 13:00 часот, во просториите на Меѓународниот Универзитет во Струга.

На седницата присуствуваа членовите на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга, кои беа избрани со одлука бр. 02-470/3 од 31.10.2023 година и тоа: Проф. д-р Назмије Мерко Забзун, Доц. Д-р Сенада Љачка, Доц. Д-р Гузимтар Рушани, М-р Фатљум Баута, м-р Семрах Бујари, м-р Дјелза Лена и Анди Арифи.

Откако беше констатирано дека на седницата присуствуваат сите членови на Советот, највозрасниот член на Советот го прочита следниот

Дневен ред

1. Избор на Претседател на Советот за квалитет.
2. Подготовка на Деловник за работа на Советот за квалитет.
3. Подготовка на годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста на Меѓународниот Универзитет во Струга.

Предложениот дневен ред беше едногласно усвоен.

**Точка 1**

Во врска со оваа точка, највозрасниот член на Советот за квалитет Доц. Д-р Гузимтар Рушани истакна дека, на оваа седница треба да се избере Претседател на Советот за квалитет, врз основа на предлогот даден од страна на Ректорот на Меѓународниот Универзитет во Струга. После спроведеното јавно гласање со 7 гласа ЗА, за Претседател на Советот за квалитет беше избрана Проф. д-р Назмије Мерко Забзун.

**Точка 2**

Во однос на втората точка највозрасниот член на Советот за квалитет истакна дека, за непречено одвивање на работата на Советот потребно е да се подготви и донесе Деловник за работа, со кој ќе се уредува начинот на работа на Советот за квалитет на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Точка 3**

Во однос на третата точка, највозрасниот член на Советот истакна дека потребно е да се подготви и донесе годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста на Меѓународниот Универзитет во Струга, врз основа на кој понатака ќе се изготвува годишен извештај за реализација на активностите и мерките предвидени во акцискиот план.

**Струга, 13.11.2023**

**Совет за квалитет на МУС**

**Член**

______________________________

**Доц. Д-р Гузимтар Рушани**